За EthicsPoint

Пријавување – Општо

Безбедност и доверливост на пријавување

Совети и најдобри практики

За EthicsPoint

Што е EthicsPoint?

EthicsPoint е сеопфатна и доверлива алатка за пријавување создадена од NAVEX која овозможува управата и вработените да работат заедно во соочување со измама, злоупотреба и друго погрешно однесување на работното место, истовремено одржувајќи позитивна работна средина.

Зошто ни е потребен систем како EthicsPoint?

- Нашите вработени се највредното нешто што го имаме. Со создавање отворени канали на комуникација, ние промовираме позитивна работна средина и ја максимизираме продуктивноста.
- Ефективен систем за пријавување ги засилува другите наши напори за поттикнување култура на интегритет и етичко донесување одлуки.

Пријавување – Општо

Можам ли да пријавам користејќи само интернет или само телефон?

Да. EthicsPoint ви овозможува да поднесете доверлива, анонимна пријава или преку телефон или преку интернет.

Какви типови на ситуации би требало да пријавам?

Системот EthicsPoint овозможува вработените да пријават какво било прекршување на нашиот наведен Кодекс на однесување или други загрижености што можеби ги имате.

Ако видам прекршок, нели треба само да го пријавам до мојот раководител, обезбедувањето или службата за човечки ресурси и да ги оставам нив да се справат со него?

Кога ќе забележите однесување за кое верувате дека го прекршува нашиот Кодекс на однесување, очекуваме да пријавите. Идеално, треба да пренесете каква било загриженост на вашиот непосреден раководител или на друг член на нашиот раководен тим. Препознаваме дека, сепак, може да постојат околности кога не ви е пријатно да го пријавите проблемот на овој начин. Заради таквите околности ние стапивме во партнерство со NAVEX. Повеќе би сакале да пријавите анонимно отколку да ги задржите информациите за себе.

Зошто да го пријавам тоа што го знам? Што добивам од тоа?

Сите ние имаме право да работиме во позитивна средина и со тоа право доаѓа одговорноста за дејствување на етички начин и информирање на соодветните луѓе доколку некој не дејствува соодветно. Со работење заедно, ние можеме да одржиме здрава и продуктивна средина. И, корпоративното лошо однесување може да го загрози самото постоење на целата компанија.

Дали раководството навистина сака да пријавам?

Секако дека да. Всушност, *потребно* ни е да пријавите. Вие знаете што се случува во нашата компанија - и добро и лошо. Можеби имате почетно знаење за активност што може да биде причина за загриженост. Вашето пријавување може да го минимизира потенцијалното негативно влијание врз компанијата и нашите луѓе. Исто така, нудењето позитивно споделување може да помогне да се идентификуваат прашања што можат да ја подобрат корпоративната култура и резултати.

Каде одат овие пријави? Кој има пристап до нив?

Пријавите се внесуваат директно на сигурниот сервер на EthicsPoint. NAVEX ги прави овие пријави достапни само за конкретни поединци во рамките на компанијата кои се задолжени за проценка на пријавата, врз основа на типот на прекршок и местото на инцидентот. Секој од овие примателите на пријавата има обука за чување на овие пријави во највисока доверливост.

Нели тој систем е само пример на некој што ме надгледува?

Не. EthicsPoint е позитивен аспект на нашата севкупна филозофија што ни овозможува да обезбедиме безбедно, сигурно и етичко работно место. Ве охрабруваме да побарате насоки за етички дилеми, да дадете позитивни сугестии или да пренесете загриженост. Ефективната комуникација е од суштинско значење за денешното работно место и ова е извонредна алатка да се подобри таа комуникација.

Внимателно ја избравме најдобрата алатка за пријавување за да ги исполниме нашите обврски за усогласеност, а во исто време да се одржи позитивна средина за пријавување.

Безбедност и доверливост при пријавување

Според моето разбирање, секоја пријава што ќе ја испратам од компјутер на компанијата создава евиденција на сервер што ја прикажува секоја веб-страница на која се поврзал мојот компјутер. Нема ли оваа евиденција да ме идентификува како креатор на пријавата?

NAVEX не генерира ниту одржува какви било внатрешни евиденции за поврзување со IP-адреси и затоа не се достапни информации што го поврзуваат вашиот компјутер со EthicsPoint.

Ако не ви е пријатно да поднесете пријава од вашиот компјутер на работа, имате опција да користите компјутер надвор од вашето работно место (како што е компјутер од интернет-кафуле или на пријател) преку безбедната веб-страница на EthicsPoint. Многу луѓе ја избираат оваа опција, бидејќи податоците на NAVEX покажуваат дека помалку од 12 % од пријавите се генерирани во текот на работното време.

Можам ли да поднесам пријава од дома, а сепак да останам анонимен/а?

Пријавата од дома, од компјутер на соседот или кој било интернет портал ќе остане безбедна и анонимна. Интернет портал никогаш не идентификува посетител според името на екранот и системот на EthicsPoint ги отфрла интернет адресите така што анонимноста е целосно одржана.

Загрижен/а сум дека информациите што ќе му ги доставам на EthicsPoint на крајот ќе го откријат мојот идентитет. Како можете да ме убедите дека тоа нема да се случи?

Системот на EthicsPoint ја заштитува вашата анонимност. Сепак, ако сакате да останете анонимни, вие - како страна што пријавува - треба да се осигурите дека главниот дел на пријавата не го открива вашиот идентитет по случајност. На пример, „Од мојата маса до Јан Смит…“ или „Во моите 33 години…“.

Дали исто така телефонската бесплатна директна линија е доверлива и анонимна?

Да. Од вас ќе се побара да ги дадете истите информации што би ги дале во пријава поднесена преку интернет и лицето што ве интервјуира ќе ги внесе вашите одговори на веб-страницата на EthicsPoint. На овие пријави се применуваат истите мерки за безбедност и доверливост во текот на доставата.

Што ако сакам да се идентификувам во мојата пријава?

Има дел во пријавата во кој можете да се идентификувате ако сакате.

Совети и најдобри практики

Јас сум свесен/на за некои поединци кои дејствуваат неетички, но тоа не ме засега. Зошто да се мачам да пријавувам?

Нашата компанија промовира етичко однесување. Сето неетичко однесување, на кое било ниво, на крајот ѝ наштетува на компанијата и на сите вработени, вклучувајќи ве и вас. Вие само треба да погледнете што се има случено во неодамнешните корпоративни скандали за да ги видите катастрофалните последици што етичките пропусти можат да ги имаат на инаку здрава компанија. Доколку знаете за какви било инциденти на погрешно однесување или етички прекршоци, сметајте дека е ваша должност кон вас самите и кон колегите да ги пријавите.

Не сум сигурен/на дека тоа што го забележав или слушнав е прекршување на политиката на компанијата или вклучува неетичко однесување, но едноставно не ми изгледа правилно. Што треба да направам?

Поднесете пријава. NAVEX може да ви помогне да ја подготвите и поднесете вашата пријава така што ќе биде правилно разбрана. Ние повеќе би сакале да пријавите ситуација за која ќе се испостави дека е безопасна отколку да дозволите можно неетичко однесување да помине непроверено.

Што ако мојот шеф или други раководители се вклучени во прекршокот? Нема ли тие да ја добијат пријавата и да започнат со прикривање?

Системот на EthicsPoint и дистрибуцијата на пријавите обезбедува засегнатите страни да не се известуваат, ниту, пак, ним им се дозволува пристап до пријавите во кои се именувани.

Што ако се сетам на нешто важно во врска со инцидентот откако ќе ја поднесам пријавата? Или што ако компанијата има дополнителни прашања за мене во врска со мојата пријава?

Кога ќе поднесете пријава на веб-страницата на EthicsPoint или преку телефонскиот центар на EthicsPoint, добивате единствен, случаен број наречен „клуч за пријава“ и од вас се бара да изберете лозинка. Можете повторно да се вратите на системот на EthicsPoint или преку интернет или по телефон и да пристапите до оригиналната пријава за да додадете повеќе детали или да одговорите на прашања поставени од претставник на компанијата. Ние силно препорачуваме да се вратите на страницата во посоченото време за да одговорите на прашањата од компанијата. Вие и компанијата сега сте стапиле во „анонимен дијалог“, каде што ситуациите не само што се идентификуваат, туку исто така може да се решат, без оглед колку се сложени.

Дали овие следни чекори за пријавите се сигурни како првиот?

Сета коресподенција на EthicsPoint се чува со истата строга доверливост како почетната пријава, продолжувајќи под капата на анонимност.

Што ако го изгубам мојот клуч за пријавата или ја заборавам лозинката што сум ја креирал/а?

За да се осигури дека безбедноста и доверливоста се зачувани, ако го загубите клучот за вашата пријава или лозинката, ќе треба да поднесете нова пријава. Споменете во новата пријава дека е поврзана со пријава или прашање што сте ги поднеле претходно. .

Можам ли сепак да поднесам пријава ако немам пристап на интернет?

Можете да поднесете пријава до EthicsPoint од кој било компјутер кој може да пристапи на интернет. Можете да поднесете пријава од дома. Многу јавни места, вклучувајќи ја јавната библиотека, имаат компјутери поврзани на интернет. Ако немате пристап до компјутер или не се чувствувате пријатно да користите компјутер, можете да се јавите на бесплатната директна линија на EthicsPoint, која е достапна 24 часа во денот, 365 дена во годината.